# Северна Македонија

Преглед

Транспарентност:

**39** /100

Учество на јавноста:

**9** /100

Надзор:

**57** /100

## За истражувањето

Одлуките за националниот Буџет - какви даноци да се наплаќаат, какви јавни услуги да се обезбедат и колкав долг да се генерира - влијаат на благосостојбата на граѓаните. Клучно е владите да ја информираат и вклучат јавноста за овие витални одлуки кои влијаат врз нивните животи и на тој начин да се осигура трошењето на јавни средства да биде во корист на јавниот интерес.

**Анкетата за Отворен Буџет (Open Budget Survey- OBS)** е единствениот независен, компаративен и врз основа на факти базиран инструмент за истражување кој користи меѓународно прифатени критериуми за проценка на пристапот на јавноста до информациите за Буџетот на централната власт; истражување за можностите јавноста да учествува во процесот на донесување на националниот буџет; и улогата на институциите во надзорот на Буџетот, како што е законодавната власт и Државниот завод за ревизија на буџетскиот процес.

Истражувањето му помага на граѓанско општество да направи проценка и да дава совети на Владата во врска со известувањето кон јавноста и за употребата на јавните средства. Ова 10то издание на OBS опфаќа 83 земји.

За повеќе информации посетете ја интернет страницата www.internationalbudget.org/open-budget-survey, вклучувајќи ја целосната методологија на OBS, наодите за сите анкетирани земји и Data Explorer.

# Транспарентност

Овој дел од OBS го мери пристапот на јавноста до информации за тоа како централната власт ги прибира, алоцира и троши јавните ресурси. Тој ја проценува достапноста на интернет, навременоста и сеопфатноста на осум клучни буџетски документи со употреба на 109 еднакво пондерирани индикатори и ја оценува секоја земја на скала од 0 до 100. Оценка за транспарентност од 61 или повеќе укажува дека земјата објавува доволен обем на буџетски информации и дека овие информации обезбедуваат значајна покриеност на основните фискални податоци, овозможувајќи и на јавноста да ги разбере владините буџетски одлуки и да поддржува информирана јавна дебата за фискалната политика.

Северна Македонија има резултат на транспарентност од **39** (од 100).

## Транспарентноста на Северна Македонија споредена со другите земји



# Како се менуваше транспарентноста на Северна Македонија со текот на времето?




# Јавна достапност на буџетските документи во Северна Македонија

**КАТЕГОРИИ**

- ● Јавно достапен
- ● Објавен доцна, или не е јавно достапен или е изготвен за интерна употреба
- ⃠ Не е изготвен

| **Документ** | 2015 | 2017 | 2019 | 2021 | 2023 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предбуџетска изјава | Не е изготвен | Објавен доцна, или не е јавно достапен или е изготвен за интерна употреба | Јавно достапен | Објавен доцна, или не е јавно достапен или е изготвен за интерна употреба | Не е изготвен | Објавен доцна, или не е јавно достапен или е изготвен за интерна употреба |
| Предлог буџет | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен |
| Усвоен буџет | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен |
| Граѓански буџет | Не е изготвен | Не е изготвен | Јавно достапен | Јавно достапен | Не е изготвен | Не е изготвен |
| Месечни извештаи | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен |
| Полугодишен извештај | Објавен доцна, или не е јавно достапен или е изготвен за интерна употреба | Не е изготвен | Не е изготвен | Не е изготвен | Не е изготвен | Не е изготвен |
| Завршна сметка | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен |
| Ревизорски извештај | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен | Јавно достапен |

# Колку е целосна содржината на клучните буџетски документи кои се објавуваат во Северна Македонија?

**КАТЕГОРИИ**

- 61-100 / 100
- 41-60 / 100
- 1-40 / 100

| Клучни буџетски документи | Цел и содржина на документот | Фискална година која се оценува | Резултат за содржина на документ |
|---|---|---|---|
| Пред-буџетска изјава | Ги обелоденува претпоставките на фискалната политика за Предлог буџетот; дава преглед на економските проекции на Владата, предвидените приходи, расходи и долгови. | 2025 | Објавен доцна |
| Предлог буџет | Доставено од извршната власт до законодавниот дом за одобрување; детално ги прикажува изворите на приходи, алокацијата по министерства, предложените политики и други информации важни за подобро разбирање на фискалната состојба на земјата. | 2025 | 39 |
| Усвоен буџет | Буџетот одобрен од законодавниот дом. | 2025 | 95 |
| Граѓански буџет | Поедноставена и помалку техничка верзија на Предлог буџетот или Усвоениот буџет, дизајниран да ги пренесе клучните информации до јавноста. | 2025 | Не е произведено |
| Месечни извештаи | Вклучува информации за собраните приходи, реалните расходи и генерираниот долг во различни интервали; се издаваат квартално или месечно. | 2024 | 41 |
| Полу-годишен извештај | Сеопфатно презентирање на спроведувањето на Буџетот заклучно со средината на фискалната година; вклучува преглед на економски претпоставки и ажурирана проекција на исходите од Буџетот. | 2024 | Не е произведено |
| Завршна сметка | Ја опишува фискалната реализација на Владата на крајот на фискалната година и, идеално, дава проценка а напредокот во постигнувањето на целите на буџетската политика. | 2023 | 55 |
| Ревизорски извештај | Објавен од врховната ревизорска институција, овој документ ја испитува законитоста и целисходноста на Завршната сметка. | 2023 | 71 |

International Budget Partnership

Резултатот за транспарентност на Северна Македонија од **39** во OBS 2025 е близу до резултат во 2023 година.

# Препораки

Северна Македонија треба да даде приоритет на следниве активности за подобрување на буџетската транспарентност:

- Благовремено објавување на Предбуџетскиот извештај (Фискална стратегија) на веб страница. Тоа подразбира најмалку еден месец пред владиниот предлог буџет да биде доставена до Собранието на разгледување.
- Навремено изготвување и објавување на граѓанскиот буџет и полугодишниот извештај на веб страница.
- Предлог буџетот да објавува подетални повеќегодишни проекции (вклучувајќи ги и проценките за BY+2), но и информации за фискалните ризици. Ова треба да опфати подобрено известување за квазифискалните активности, потенцијалните обврски, заостанатите долгови за расходи, јавните добра, наменските приходи, фискалната одржливост, информации за идните политики и приоритети, како и анализа за долгорочната фискална одржливост вклучувајќи и повеќегодишни проекции на приходите.
- Годишниот извештај да објавува посеопфатни информации за политиките и постигнатите резултати, да објавува податоци за долгот и податоци за макроекономските проекции. Понатаму, објавувањето на информациите треба да се зајакне со вклучување споредби меѓу планираните нефинансиски резултати и реализацијата, споредби меѓу проектираните проценки за задолжување и реализацијата, споредби меѓу првичните макроекономски проекции и реализацијата, како и споредби меѓу првичното ниво на средства за политиките што влијаат врз најсиромашните граѓани и реално исплатените износи.
- Зајакнување на сеопфатноста на годишните извештаи преку обезбедување подетални информации за структурата на долгот, расходите на ниво на програма и ажурирани резултати и проекции и за приходите и за расходите.
- Ревизорскиот извештај треба дополнително да се зајакне со известување за чекорите што ги презела извршната власт за да постапи по препораките од ревизијата.

# Учество на јавноста

OBS проценува до кој степен владите обезбедуваат формални можности за учество на јавноста во различните фази од буџетскиот процес. Се оценуваат механизмите на учество што ги користи извршната власт (вклучувајќи ги и ресорните министерства), законодавниот дом и врховната ревизорска институција (ВРИ-SAI), имајќи во предвид дека учеството може да е во сите институции. Со користење на 18 индикатори со еднаква тежина, OBS оценува дали овие механизми за учество се навремени, инклузивни, транспарентни и респонзивни, во согласност со Принципите за јавно учество во фискалната политика на Глобалната иницијатива за фискална транспарентност (GIFT). Секоја земја се оценува на скала од 0 до 100, што ја одразува силата на нејзините формални практики за учество на јавноста низ институциите и во текот на буџетскиот процес.

Северна Македонија има оценка **9** (од 100) за учество на јавноста.

## Учеството на јавноста во Северна Македонија во споредба со другите земји




За повеќе информации, за иновативни практики на учество на јавноста ширум светот погледнете овде: https://fiscaltransparency.net/casestudies/

# Опсег на можности за учество на јавноста во буџетски процес

| 0 /100 | 0 /100 | 0 /100 | 56 /100 |
|---|---|---|---|
| Формулирање (извршна власт) | Усвојување (законодавна власт) | Извршување (извршна власт) | Ревизија (врховна ревизорска институција) |

**КАТЕГОРИИ** 0-40: неколку 41-60: адекватен 61-100: адекватен

## Препораки

За понатамошно зајакнување на учеството на јавноста во буџетскиот процес, Министерството за финансии на Република Северна Македонија треба да даде приоритет на следниве активности:

- Пилот механизми за вклучување на јавноста за време на формулирањето на Буџетот и следење на спроведувањето на Буџетот.
- Активно ангажирање на недоволно застапените заедници, директно или преку организациите на граѓанското општество што ги претставуваат.

Собранието на Република Северна Македонија треба да даде приоритет на следниве активности:

- Граѓаните и организациите на граѓанското општество да учествуваат со свои излагања за време на буџетските расправи пред нивното усвојување. Ова учество треба да биде структурирано така што ќе овозможи да се слушнат различни ставови, со што Собранието ќе може суштински да ги земе предвид предлозите на граѓаните, да ја зголеми транспарентноста и да ја подобри својата отчетност и одговорност при донесувањето на буџетските одлуки. Треба да се воспостават јасни процедури за поканување на сведоци од граѓанскиот сектор, поставување прашања и добивање повратни информации, притоа осигурувајќи се дека се вклучени и маргинализираните или недоволно застапените групи.
- Претставниците на јавноста или на организациите на граѓанското општество да учествуваат со свои излагања за време на собраниските расправи за Ревизорскиот извештај.

- Собранието треба да организира јавна расправа за извештајот на Државниот завод за ревизија (ДЗР) во врска со ревизијата на буџетот, да направи надзор над владините сметки и да го следи спроведувањето на препораките од ДЗР.

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија има воспоставено механизми за јавноста да може да учествува во подготовката на годишната програма:

- Би можело да се воспостават и формални механизми за јавноста да придонесе во релевантните ревизорски истраги.

# Надзор

OBS ја испитува улогата што ја играат законодавните тела и врховните ревизорски институции (ВРИ-SAIs) во надгледувањето на буџетскиот процес, вклучително и тоа колку ефикасно ги проверуваат буџетските предлози, го следат спроведувањето на буџетот и ги вршат надзор над владините сметки. Користејќи 18 индикатори со еднаква тежина, OBS ја проценува силата и независноста на овие надзорни институции и ја оценува секоја земја на скала од 0 до 100. Покрај тоа, анкетата собира дополнителни информации за постоењето и улогата на независните фискални институции (НФИ-IFIs), кои можат да придонесат за информирана дебата и зајакнат надзор над фискалната политика (видете го полето подолу).

Законодавната власт и врховната ревизорска институција на Северна Македонија, заедно, обезбедуваат ограничен надзор за време на буџетскиот процес, со средна оцена на надзорот **57** (од 100). Разгледувано индивидуално, обемот на надзорот на секоја институција е прикажан подолу:

## Надзор на законодавната власт




## Надзор на ревизорската институција




**КАТЕГОРИИ** 0-40: неколку 41-60: адекватен 61-100: адекватен

# Препораки

Собранието на Република Северна Македонија врши соодветен надзор во фазата на планирање на буџетскиот циклус, но слаб надзор во фазата на неговото извршување. За подобрување на надзорот, треба да се даде приоритет на следниве активности:

- Комисијата за финансирање и буџет во текот на годината треба да го следи и испитува текот на спроведувањето на буџетот и да ги објави извештаите со своите наоди на интернет.
- Во пракса, да се овозможи законодавниот дом а е консултиран пред извршната власт да потроши било какви непланирани повисоки приходи.
- Комисијата за финансирање и буџет треба да го разгледа Ревизорскиот извештај, а потоа своите наоди да ги објави на веб страница во форма на извештај.

За зајакнување на независноста и подобрување на надзорот од страна на Државниот завод за ревизија, се препорачуваат следниве активности:

- Ревизорските процеси да бидат разгледани од независна агенција.

## Придобивката од воспоставувањето независни фискални институции

Фискалниот совет е независното фискално тело на Северна Македонија. Неговата независност е утврдена со закон и тој поднесува извештаи до Собранието на Република Северна Македонија. Тој објавува сопствена оценка за официјалните макроекономски и фискални прогнози изготвени од извршната власт.

*Овие индикатори *не* се оценуваат во Анкетата за отворен буџет.*

# Методологија

- Само објавените документи, настани и активности кои се објавени и достапни до 31 декември 2024 година се оценувани во OBS 2025.

- Истражувањето се заснова на прашалник пополнет во секоја земја од независни експерти за буџет:
Marjan Nikolov and Vesna Garvanlieva Andonova
Center for Economic Analyses
Bul. Jane Sandanski 63/3, 1000 Skopje; http://www.cea.org.mk/
info@cea.org.mk